**З А П И С Н И К**
**од Триесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.11.2017 година**

**Скопје, ноември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.11.2017 година**

Седницата започна во 16:25 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Дарио Николовски, директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција ан извозот на Република Македонија, Гајур Кадриу, директор на ЈП Македонија пат-Скопје, Александар

Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

– Наративен План 3-6-9+ и Фактографски преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9 заклучно со 14.11.2017 година

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

– Информација за Предлог-програмата за одбележување на годишнината на албанската азбука

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари, за период од 19.8.2017 година до 30.9.2017 година

2. Информација за воспоставување на национален систем за нус-производи од животинско потекло

3. Информација во врска со потребата од склучување на Анекс кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија и компанијата корисник на ТИРЗ Штип „Џонсон Контролс ДООЕЛ Штип“, со предлог Анекс на Договорот и Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на најновиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, како закупопримач

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Градот Скопје

6. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Археолошки музеј на Македонија

7. Информација за вкупно обезбедени средства за зимско одржување на патиштата, со Годишен акциски план за зимско одржување на државните патишта во Република Македонија за сезоната 2017/2018 година

8. Информација со Предлог-одлука за престанок и за давање на движна ствар на Собранието на Република Македонија

9. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

10. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

11. Информација за модели за подобрување на функционирањето на проектот „Отворање на Народни кујни“

12. Информација за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, со Предлог-решение

13. Информација за утврдување на мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале
14. Информација за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2017 година

**б) економски систем и тековна економска политика**

15. Информација за прогресот на проектот „Портал-пресуди од даночни и царински спорови“

16. Информација за продажба на недвижна ствар во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп

17. Информација за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп

18. Информација за продажба на недвижна ствар во Штип сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

19. Информација за продажба на недвижна ствар во Кочани сопственост на Република Македонија -корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Кочани

20. Информација за продажба на недвижна ствар во Кичево, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со состојбата на постапување по барањата за поведување на прекршочни постапки од страна на прекршочен орган - Државен пазарен инспекторат

22. Информација за усвојување на Програмата за реформи на Единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина, со Предлог-програма

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2017 година

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фабрика за преработка на вода за пиење за водоснабдување на с.Трсино со цевковод КО Трсино, Општина Виница, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е3 - некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица за отпадни води) КО Карбинци и КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер КО Н. Конско, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука

27. Информација за реализирани работни посети во домашни компании, со Табеларен преглед на реализирани работни посети во домашни компании

**в) политички систем**

28. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за меѓусебно ослободување од визи за носителите на дипломатски и службени пасоши

29. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за заемно признавање и замена на возачки дозволи

30. Предлог-одлука за давање согласност на Студиска програма за втор циклус на студии „Сајбер безбедност и дигитална форензика“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје

31. Информација за изменување и дополнување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија за финансирање во однос на повеќегодишната Оперативна програма „Регионален развој“ за помош од Заедницата за инструментот за претпристапна помош во рамки на компонентата „Регионален развој“, со прилози

32. Информација за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Македонија, што ќе се одржи на 23 ноември 2017 година во Брисел

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

33. Информација за прогрес на активностите од проектот ,,Промена на студентски статус” (август 2016 година - септември 2017 година)

34. Информација за можноста за прифаќање на иницијативата да се утврди ценовник со референтни цени за здравствените прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила според Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидати за возачи на моторни возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08), а во согласност со член 322 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15)

35. Информација за работа на Комисијата за евалвација и рангирање на кандидатите за стипендии за академски универзитетски студии од втор степен „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за академската 2017/2018 година

36. Информација во врска со потребата од организирање и спроведување на генерички обуки од областа на стратешкото планирање во текот на четвртиот квартал од 2017 година, со Предлог-план

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

37. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година

38. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за образование и наука

39. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

40. Предлог-одлука за формирање на Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство

41. Предлог-одлука за формирање на Национален комитет за олеснување

### б) политички систем

42. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа“ во Босна и Херцеговина

### в) човечки ресурси и одржлив развој

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за образование и наука - Државен просветен инспекторат

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Кичево

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје

48. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет „Стоби“ - Градско

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

49. Барање за давање на автентично толкување на член 17 став 8 и став 18 и член 20 став 8 и став 18 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15 и 31/16), поднесено од пратеникот Кети Смилеска

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

50. Иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.94/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 77 став 2 и член 78 ставовите 2 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015)

51. Понуда за купопродажба на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир, КП бр.1036, КП бр.1037/1, КП бр.1038/1, КП бр.1040, КП бр.1041, КП бр.1042, КП бр.1043, КП бр.1044/1, КП бр.1044/2, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056/2, КП бр.1255, КП бр.1258, КП бр.1260, КП бр.1262/1, КП бр.1264/1, КП бр.1265/2, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје

52. Понуда од нотар Мајљинда Ајдари од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9330 за КО Гази Баба на КП бр.1232/6

53. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 9 за КО Побожје, КП бр. 971 викано место/улица Зајкино

54. Понуда од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за купопродажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.945 за КО Дорфулија, КП бр.6438 м.в. Село

55. Известување од извршител Зоран Петрески за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.406/16 и за Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 од Законот за извршување)

**(д) други предлози**

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

58. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за откриени случаи на криумчарење на земјоделско-прехранбени производи и жив добиток на граничните премини и илегалните премини во периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година

59. Информација за текот на активностите поврзани со книгите од проектот за превод и печатење на 50 универзитетски учебници кои се употребуваат на првите 10 рангирани универзитети согласно Шангајската листа за 2015 година

60. Информација за реализација на проектот - Археолошко-туристички проект - Старите градови и тврдини на европската магистрала во Македонија

61. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на Воздухопловна федерација“, со дополнувањето кон неа

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

62. Предлог-закон за изменување на Законот за платниот промет

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи

64. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, по скратена постапка

67. Предлог-закон за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, по скратена постапка

68. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма

69. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма

70. Информација во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма

71. Информација за учество на македонската делегација на 3-от Министерски форум за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од ЦИЕ во Хангџоу, Кина (процес 16+1) и Иницијативата за основање на Координативниот центар за културна соработка со седиште во Скопје

72. Информација за изменување и дополнување на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Оперативен план

73. Предлог-програма за капитални трансфери за невладини организации во областа на земјоделството и руралниот развој

74. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година

75. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година

76. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за начинот на утврдување на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта

77. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година

78. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година

*

*   *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Наративен План 3-6-9+ и Фактографски преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9 заклучно со 14.11.2017 година

Владата распраќаше за Состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција, го разгледа текстот на наративниот План 3-6-9+ и Фактографскиот преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9 заклучно со 14.11.2017 година и притоа заклучи:

1. Го усвои Фактографскиот преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9, заклучно со 14.11.2017 година и заклучи истиот да се објави на веб страните на Владата и Секретаријатот за европски прашања.

2. Да се доврши табелата на Планот 3-6-9+ со утврдени мерки и динамика за нивна реализација, како алатка за следење на напредокот.

3. Го утврди текстот на наративниот План 3-6-9+.

4. Се задолжуваат/им се укажува на институциите носители да доставуваат редовно статус во однос на реализација на мерките, секој четврток во тековната недела.

5. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања, да одржат консултативна средба со Делегацијата на Европската Унија, пред објавувањето на Планот.

6. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, да одржи консултативна средба со опозицијата пред објавувањето на Планот.

7. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, да го презентира Планот 3-6-9 пред амбасадорите на земјите членки на Европската Унија во Скопје, по посетата на комесарот Јоханес Хан.

Истовремено, Владата заклучи:

8. Се задолжуваат д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, да одржат координативна средба со Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов.

9. Рокот за усвојување на Националната стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот и Националната стратегијата на Република Македонија за спречување на насилниот екстремизам, да биде февруари 2018 година.

10. На страна 13 од Фактографскиот преглед, во делот статус на реализација на мерките, во втората точка реченицата „Првиот состанок е закажан на 13.11.2017 година“ да се преформулира и да гласи: „Првиот состанок се одржа на 13.11.2017 година и е подготвен Нацрт-план кој е доставен за забелешки до членовите на Работната група“.

11. На страна 14 од Фактографскиот преглед, во делот статус на реализација на мерките, во првата точка зборот „одделението“ да се замени со зборот „Оддел“ (оддел за борба против корупција во Министерството за внатрешни работи).

12. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги вгради забелешките изнесени во мислењето на Министерството за финансии, испратено до Секретаријатот за европски прашања.

13. Во текстот на наративниот План 3-6-9+ , во табелата на страна 5, точка 8, покрај зборовите: „Јавни консултации за реформа на системот на јавни набавки“, да се додадат и зборовите: „Прифаќање на сугестиите на СИГМА во поглед на системот за јавни набавки и Советот“.

14. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во координација со Министерството за надворешни работи и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, еднаш неделно да подготвува кратки извештаи за завршените активности во тековниот период, кои се однесуваат на обврски од Планот 3-6-9.

15. На редовна неделна основа Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања да остваруваат работни средби, со цел координација во врска со реформите и пренесување на официјалните ставови на сите релевантни нивоа во процесот на европска интеграција.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

  - Информација за Предлог-програмата за одбележување на годишнината на албанската азбука

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за Предлог-програмата за одбележување на годишнината на албанската азбука.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари, за период од 19.8.2017 година до 30.9.2017 година (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство да ја следи состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари во Република Македонија и да ја известува Владата за нови позитивни случаи на инфективна анемија кај копитари на секои шест месеци.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на национален систем за нус-производи од животинско потекло (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија да одржат состанок за утврдување на сите предуслови и за прецизирање на барањата кои треба да ги исполни операторот за воспоставување на системот на управување со нус-производи од животинско потекло, најдоцна до 25 ноември 2017 година, а за тоа да ја информира Владата до крајот на декември 2017 година.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување на Анекс кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија и компанијата корисник на ТИРЗ Штип „Џонсон Контролс ДООЕЛ Штип“, со предлог Анекс на Договорот и Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс на Договорот за доделување на државна помош на корисник во Технолошко - индустриска развојна зона „Штип“ бр. 03-1709/1 од 9.8.2012 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од страна на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и Друштвото за производство АДИЕНТ СЕАТИНГ ДООЕЛ Штип, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ги донесе:

- Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината (најнов текст), во предложениот текст и

- Одлуката за давање на согласност на најновиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, како закупопримач (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Градот Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Археолошки музеј на Македонија, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупно обезбедени средства за зимско одржување на патиштата, со Годишен акциски план за зимско одржување на државните патишта во Република Македонија за сезоната 2017/2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја истакна важноста на ова прашање во пресрет на сезоната која што следува.

**Точка 8**

Владата на предлог на директорот на Службата за општи и заеднички работи ја симна од Дневниот ред Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на движна ствар на Собранието на Република Македонија.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување кој се донесува по скратена постапка и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ирена Ристеска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство најитно да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување во оваа насока.

2. Се задолжува Министерството за финансии најитно да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во оваа насока

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ирена Ристеска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за модели за подобрување на функционирањето на проектот „Отворање на Народни кујни“, како материјал за информирање.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, времено да ги смести затекнатите лица под Кале согласно мапирањето на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (период: октомври 2017 година - март 2018 година), во објекти што ги користи Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје (објекти на КП 1062 и КП 1063 евидентирани во пописен лист со незапишани права 2430 за КО Маџари), со решение на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, врз основа на претходна согласност на лицето.

2. Се укажува на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје еднаш месечно да ја преиспитува семејната и материјалната состојба и станбените услови на сместените семејства.

3. Се укажува на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје еднаш месечно да доставува извештај за сместените лица до Министерството за труд и социјална политика (до 5-ти во месецот за претходниот месец).

4. Се укажува на Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение во Скопје да обезбеди еден топол оброк во текот на денот за секое сместено лице.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди задолжително вклучување на сите сместени лица во Програма за поддржаното живеење, преку која на сместените лица ќе им се помогне да добијат адекватни услови за престој, различни форми и содржини на работа за стекнување на животни и работни вештини, со цел да бидат оспособени за самостојно живеење и интеграција во социјалната средина.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рамките на предвидениот буџет за 2017 година во Програма 43 (ставка 425) - Поддршка за Развојот на Ромите да ангажира невладина организација која активно ќе работи со лицата затекнати под Кале заради нивно целосно интегрирање.

7. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави информација за реализираните активности за времено згрижените лица затекнати под Кале, во март 2018 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот Проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на проектот „Портал-пресуди од даночни и царински спорови“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Управата за јавни приходи и Царинската управа да продолжат со преземање на судските одлуки од соодветните области од веб страната на судовите и со објавување на истите на „Портал-пресуди од даночни и царински спорови“.

2. Се задолжува Министерството за финансии еднаш годишно (на крајот на годината) до Владата да достави информација за начинот на функционирање на порталот со статистички податоци, за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп (Имотен лист бр.36585 за КО Прилеп), во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп (Имотен лист бр.1532 за КО Прилеп), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во Штип сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Штип (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во Кочани сопственост на Република Македонија -корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Кочани, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на недвижни ствари во Кочани, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижна ствар во Кичево, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на недвижни ствари во Кичево, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состојбата на постапување по барањата за поведување на прекршочни постапки од страна на прекршочен орган - Државен пазарен инспекторат и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија веднаш да подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот пазарен инспекторат со чиишто одредби прекршочен орган ќе стане Министерството за економија, како и веднаш да подготви Предлог-закони за изменување и дополнување на законите во надлежност на Министерството за економија во кои е утврден прекршочен орган и истите да ги достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за економија веднаш да ги започне сите потребни процедури за формирање на одделение за прекршоци во состав на Министерството за економија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Програмата за реформи на Единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина, со Предлог-програма (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Програмата за реформи на Единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина, како оперативен документ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, на секои шест месеци, во наредните пет години, да ја информира Владата за напредокот во спроведувањето на Програмата за реформи на Единиците на локалната самоуправа во областа на животната средина.

## Точка 23

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2017 година (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фабрика за преработка на вода за пиење за водоснабдување на с.Трсино со цевковод КО Трсино, Општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на фабрика за преработка на вода за пиење за водоснабдување на с.Трсино со цевковод КО Трсино, Општина Виница, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е3 - некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица за отпадни води) КО Карбинци и КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е3 - некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица за отпадни води) КО Карбинци и КО Карбинци-вон г.р., Општина Карбинци, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за

изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер КО Н. Конско, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по истата во однос на тоа дали може да се даде согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за објекти од времен карактер.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани работни посети во домашни компании, со Табеларен преглед на реализирани работни посети во домашни компании (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за правда, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Агенцијата за лекови и медицински средства, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и Државниот пазарен инспекторат, а се препорачува на Македонската банка за поддршка на развојот, да ги разгледаат предложените мерки и активности за кои се надлежни со цел отстранување на проблемот констатиран кај домашните компании, а во рок од три месеци од усвојувањето на оваа информација до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, да се произнесат за степенот на реализација на истите.

2. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, да ги забрза процедурите за доделување на претпристапните фондови и во рок од три месеци до Владата да достави акциски план со рокови за нивна реализација.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да ја забрза исплатата на повратот на придонесите за лица со посебни потреби - инвалидизирани лица и до 30.4.2018 година до Владата да достави информација за степенот на реализација на горенаведената активност.

4. Се задолжува министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Зоран Шапуриќ, во рок од три месеци повторно да достави информација за степенот на реализација на мерките и активностите кои произлегуваат од оваа информација и истата пред разгледување на седница на Владата, да ја достави до Координативно тело за анализа на мерки за привлекување странски инвестиции, анализа на состојбите и консолидирање на понатамошните активности за странски инвестиции, во функција на обезбедување на единствен пристап во разрешување на потребите/проблемите на компаниите.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за меѓусебно ослободување од визи за носителите на дипломатски и службени пасоши, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Звонимир Поповиќ, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 29**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за заемно признавање и замена на возачки дозволи, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи, Звонимир Поповиќ, директор во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Студиска програма за втор циклус на студии „Сајбер безбедност и дигитална форензика“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје (нов-усогласен текст), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување и дополнување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија за финансирање во однос на повеќегодишната Оперативна програма „Регионален развој“ за помош од Заедницата за инструментот за претпристапна помош во рамки на компонентата „Регионален развој“, со прилозите и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за изменување на Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија во однос на повеќегодишната Оперативна програма „Регионален развој“ за помош од

Заедницата за инструментот за претпристапна помош во рамки на компонентата „Регионален развој“ во Република Македонија.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи да ја потпише Спогодбата за изменување на Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија во однос на повеќегодишната Оперативна програма „Регионален развој“ за помош од Заедницата за инструментот за претпристапна помош во рамки на компонентата „Регионален развој“ во Република Македонија, по пат на размена на писма.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Македонија, што ќе се одржи на 23 ноември 2017 година во Брисел и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку (државен советник во Министерството за економија) за ко - претседавач на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, веднаш по усвојувањето на истите од страна на работните тела на Владата.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите од проектот ,,Промена на студентски статус” (август 2016 година - септември 2017 година), ја усвои Информацијата и заклучи Министерството за образование и наука повеќе да не доставува информации за прогрес на проектот ,,Промена на студентски статус”, со оглед на тоа што во целост е постапено по задолжението од Извадокот од Нацрт - записникот од Деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 16.2.2016 година, точка 113.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за прифаќање на иницијативата да се утврди ценовник со референтни цени за здравствените прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила според Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидати за возачи на моторни возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08), а во согласност со член 322 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, веднаш да номинираат претставник до Министерството за здравство, со цел формирање на работна група за разгледување на можноста за воведување законски основ за донесување на подзаконски акти во кои би се утврдил ценовник со референтни цени за здравствените прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила според Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидати за возачи на моторни возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08), а во согласност со член 322 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15).

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги контактира сите приватни здравствени установи кои вршат здравствени прегледи на кандидати за возачи на моторни возила и да им побара да номинираат претставници кои ќе ги претставуваат во работната група која ќе работи на разгледување на можноста за воведување законски основ за донесување на подзаконски акти, во кои би се утврдил ценовник со референтни цени за здравствените прегледи на кандидати за возачи и возачи на моторни возила според Правилникот за здравствени критериуми што задолжително треба да ги исполнуваат кандидатите за возачи на моторни возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.139/08), а во согласност со член 322 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за работа на Комисијата за евалвација и рангирање на кандидатите за стипендии за академски универзитетски студии од втор степен „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за академската 2017/2018 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања за следниот Конкурс за доделување стипендии за академски универзитетски студии од втор циклус „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство, да обезбеди поголема медиумска покриеност, со цел пошироко информирање на јавноста како би се зголемил бројот на апликанти.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да достави до Владата информација за функционирањето на системот за стипендирање во последните пет години.

**Точка 36**

Владата го разгледа и го усвои новиот текст на Информацијата во врска со потребата од организирање и спроведување на генерички обуки од областа на стратешкото планирање во текот на четвртиот квартал од 2017 година, со Предлог-план.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за образование и наука и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да подготви две одлуки и тоа:

- Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука на кое му се доделуваат движните ствари под точките 3, 4, 5, 6 и 7 од постојната одлука и

- Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија на која и се доделуваат движните ствари под точките 1 и 2 од постојната одлука.

Одлуките се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Национален комитет за олеснување, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа“ во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и Тони Петрески, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за образование и наука - Државен просветен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет „Стоби“ - Градско, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 17 став 8 и став 18 и член 20 став 8 и став 18 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.

92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15 и 31/16), поднесено од пратеникот Кети Смилеска и притоа го утврди следново мислење:
Со членот 17 став 8 и став 18 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај е регулирано дека за член на испитна комисија за полагање на испитот за советник за безбедност при превоз на опасните материи, односно испитот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи, мора да се именува само компетентно лице со работно искуство во областа на превозот на опасните материи.

Со членот 20 ставови 8 и 18 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај е регулирано дека за член на испитна комисија за полагање на испитот за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи, односно испитот за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи, мора да се именува само компетентно лице со работно искуство во областа на превозот на опасните материи.

Имајќи ги предвид горенаведените одредби на Законот, Владата на Република Македонија смета дека одредбите од член 17 став 8 и став 18 и член 20 став 8 и став 18 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15 и 31/16), се недоволно јасни односно недоволно прецизно уредени во делот на утврдување на компетентноста и работното искуство на лицето кое ќе биде именувано за член во конкретните комисии и има потреба од нивно автентично толкување.

## Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.94/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 77 став 2 и член 78 ставовите 2 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 77 став 2 и член 78 ставовите 2 и 3 од Законот за општата управна постапка, со оглед дека истите не биле во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, односно оспорените законски членови биле спротивни со членовите 80, 81 и 83 од истоимениот закон.

Подносителот на Иницијативата истакна дека оспорените членови се спротивни на наведените уставни одредби, како и на членовите 80, 81 и 83 од Законот за општата управна постапка, бидејќи согласно оспорените одредби не е јасно од каде и на каков начин лицето на кое се однесува документот ќе добие сознание дека за него, од некој орган во пошта, на конкретен датум е доставен документот, по однос на кој, тој може или мора да презема процесни дејствија, да вложува жалба или пак да пристапи кон исполнување на обврската, при што, роковите за лицето почнуваат да течат токму од тој датум и притоа лицето на кого се однесува доставата би можело истите да ги пропушти, што би значело губење на неговите права.

Согласно член 4 алинеја 10 од Законот за општата управна постапка „Известувањето“ е службено обраќање на јавниот орган кон странка или кон друго лице кое учествува во управната постапка.

Согласно член 69 од истиот закон, ако не е поинаку определено со закон, јавниот орган слободно одлучува за соодветниот начин на известување на странката во управната постапка. Пишаните управни акти треба да се достават (став 1). Начинот на известување се утврдува во однос на правната заштита на странката, транспарентноста, економичноста и едноставноста на постапката (став 2). Кога странката е присутна, известувањето се врши усно (став 3). Во исклучителни случаи, кога се работи за итни и кратки прашања, известувањето може да се изврши телефонски (став 4). Писмениот документ може да се испрати по пошта, преку електронски или други соодветни средства, или со достава (став 5).

Согласно член 77 од Законот, известувањето по пошта се врши по пат на обична или препорачана пошта. Секој документ што влијае врз роковите се испраќа преку препорачана пошта (став 1). Писмениот документ што е испратен по пат на препорачана пошта се смета дека е доставен на датумот кога е заверена потврдата за прием (став 2).

Согласно член 78 од истиот Закон, известувањето преку електронски средства се врши со испраќање на електронскиот документ во согласност со закон (став 1). Доколку не можат да се утврдат времето и датумот на документот што е испратен електронски се смета дека истиот е примен согласно закон, најдоцна на третиот ден од денот на неговото испраќање (став 2). Примачот може да докаже дека документот не бил примен или бил примен со поголемо задоцнување од утврденото во ставот (2) на овој член (став 3).

Согласно член 4 алинеја 5 од Законот за поштенските услуги, препорачана пратка е услуга со која паушално се гарантира против ризици од губење, ограбување или оштетување на пратката со која на испраќачот, на негово барање, му се обезбедува доказ за достава на пратката на примачот.

Согласно член 62 став (1) од Законот за поштенските услуги, давателите на поштенски услуги се одговорни за штета настаната на препорачана поштенска пратка, пратка со означена вредност и пакет во случај на губење, ограбување или оштетување на пратката и пречекорување на рокот за достава.

Согласно наведените законски одредби произлегува дека законодавецот со Законот за општата управна постапка најпрвин го дефинирал поимот „известување“, а потоа во посебна глава детално го уредил известувањето и доставувањето, при што направил разлика помеѓу овие два поима. Во членот 69 од истоимениот закон, законодавецот детално го уредил начинот на известување, при што пропишал дека јавниот орган слободно одлучува за соодветниот начин на известување на странката во управната постапка, при што истото зависи од правната заштита на странката, транспарентноста, економичноста и едноставноста на постапката. Исто така во членот 69, законодавецот утврдил дека еден од

начините на доставување на писмениот документ е преку испраќање на истиот по пошта.

При нормирање на оспорениот член 77 во ставот (1) од Законот за општата управна постапка законодавецот ги имал во предвид роковите утврдени со предметниот закон и токму поради тоа утврдил дека секој документ што влијае врз роковите се испраќа преку препорачана пошта и истата се смета дека е доставена кога е заверена потврдата за прием.

Ова дотолку повеќе, што со Законот за поштенските услуги е утврдено дека со препорачаната пратка на испраќачот на пратката му се обезбедува доказ за достава на пратката за примачот, а согласно членот 62 став (1) од истиот закон, предвидена е одговорност за давателите на поштенските услуги во случај кога ќе се пречекори рокот за достава на препорачаната пратка.

Исто така, во членот 78 од Законот за општата управна постапка е уредено известувањето преку електронски средства, при што со ставот (3) од истиот е дадена можност на примачот да докаже дека пратениот документ не бил примен или бил примен со задоцнување, што е спротивно на тврдењето на подносителот на Иницијативата дека со оспорените одредби се создава правна несигурност за граѓаните и правните лица, односно пропуштање на роковите утврдени согласно Законот за општата управна постапка.

Оттука, произлегува дека со оспорените законски одредби не е овозможено да се прават разни злоупотреби во примената како што е наведено во предметната Иницијатива, односно оспорената одредба не би можела да се поистовети со членот 44 став 2 од Законот за даночната постапка, кој е поништен од Уставниот суд на Република Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата смета  дека со оспорениот член 77 став 2 и член 78 ставовите 2 и 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“бр.124/2015), не се повредени одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 77 став 2 и член 78 ставовите 2 и 3 од Законот за општата управна.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на идеален дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир, КП бр.1036, КП бр.1037/1, КП бр.1038/1, КП бр.1040, КП бр.1041, КП бр.1042, КП бр.1043, КП бр.1044/1, КП бр.1044/2, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056/2, КП бр.1255, КП бр.1258, КП бр.1260, КП бр.1262/1, КП бр.1264/1, КП бр.1265/2, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 52

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мајљинда Ајдари од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9330 за КО Гази Баба на КП бр.1232/6 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 53

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр. 9 за КО Побожје, КП бр. 971 викано место/улица Зајкино и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за купопродажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.945 за КО Дорфулија, КП бр.6438 м.в. Село и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 55

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.406/16 и за Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 од Законот за извршување) и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

**1.** Владата го разреши Илија Глигоров од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

1.1. Владата го именува Димитар Димитриевски за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

**2.** Владата ја именува Валентина Ивановска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“-Скопје.

**3.** Владата ја констатира оставката на Наташа Смилевска-Тодоровска, од должноста член на Одборот на директори на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, на нејзино барање.

## Точка 57

**1.** Владата го задолжи Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, во соработка со Државниот завод за статистика

да подготви и за првата/втората наредна седница на Владата да достави информација за потребата од изработка на Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија.

**2.** По повод укажувањата на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, а во врска со барањето за откажување од побарување за лица припадници на социјално ранливи категории за долгови настанати по основ на радиодифузна такса, Владата заклучи:

- Се задолжува Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија за ова да подготви информација која ќе биде предмет на дискусија на претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски.

**3.** Владата заклучи Министерството за правда на наредната седница на Владата да го достави Предлог-законот за амнестија со цел негово утврдување и пуштање во собраниска постапка.

**4.** Владата констатира дека се настапени условите по членот 48 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и од тие причини д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство ги презема сите овластувања и одговорности во раководењето на Министерството за здравство.

**5.** Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информира членовите на Владата за остварената работна посета на Брисел заедно со м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, при што истата ја оцени како исклучително продуктивна, ги пренесе клучните пораки и ги истакна реформите кои треба да се спроведат во наредните месеци, од кои приоритетни се реформата на правосудството, реформата на безбедносните и разузнавачките служби и реформата на јавната администрација.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 5.11.2017 до 12.11.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**7.** Владата го определи Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, за претставник на Владата од редот на министрите, којшто ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Македонија, наместо досегашниот претставник, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за откриени случаи на криумчарење на земјоделско-прехранбени производи и жив добиток на граничните премини и илегалните премини во периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите поврзани со книгите од проектот за превод и печатење на 50 универзитетски учебници кои се употребуваат на првите 10 рангирани универзитети согласно Шангајската листа за 2015 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот - Археолошко-туристички проект - Старите градови и тврдини на европската магистрала во Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Управата за заштита на културното наследство како носител на археолошките активности, да предложи мерки за непосредна заштита на локалитетите кои се предмет на истражување на Проектот - Старите градови и тврдини на европската магистрала во Македонија и да издвои финансиски средства во рамките на сопствениот буџет за оваа намена.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на Воздухопловна федерација“, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на М - НАВ АД во 2018 година да ја финансира Воздухопловната федерација на Македонија, а за наредните години да преоцени дали да се финансира Воздухопловната федерација на Македонија, односно дали да се продолжи со ваков тип на донација и во која висина, имајќи ја во предвид финансиската состојба на М - НАВ АД во тој период.

**Точка 62**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за платниот промет и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во член 1 да се коригира називот на Законот и истиот да гласи „Законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 199/15)“.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 63

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 64

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Зоран Глигоров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 65

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во член 8 претпоследниот став да се избрише.

2. Во член 12, став 2 зборовите „на општа седница“ да се избришат.

3. Член 13 да се избрише.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљиji, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда:

- доколку за овие измени Министерството за правда добие забелешки од Венецијанската комисија истите да ги вгради во текстот на Предлог-законот.
- одредбите од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија што согласно овој заклучок се изземени од овој Закон, да бидат вградени во наредната измена/дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

**Точка 66**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљиji, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда:

- доколку за овие измени Министерството за правда добие забелешки од Венецијанската комисија истите да ги вгради во текстот на Предлог-законот.

**Точка 67**

Владата го разгледа Предлог-законот за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, по скратена постапка (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во член 2, став 2, ред 3 пред зборовите „Судскиот совет“ да се додадат зборовите „со денот на влегување во сила на овој закон ги презема“.

2. Во член 2, став 3 да се наведат сите броеви на „Службен весник на Република Македонија“ во кои е објавен Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, со тоа што да биде

додадена и последната измена на Законот за Судскиот совет што ќе биде објавен пред овој закон.

3. Член 4 да се измени и да гласи „Побарувањата и намирувањата на обврските на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија до денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема Судскиот буџетски совет.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

5. За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда:

- доколку за овие измени Министерството за правда добие забелешки од Венецијанската комисија истите да ги вгради во текстот на Предлог-законот.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со заклучок истата да биде потпишана откако претходно ќе се реализира Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година бр.44-7313/1 од 7.11.2017 година.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма, ја усвои

Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со заклучок истата да биде потпишана откако претходно ќе се реализира Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година бр.44-7313/1 од 7.11.2017 година.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за учество на македонската делегација на 3-от Министерски форум за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од ЦИЕ во Хангџоу, Кина (процес 16+1) и Иницијативата за основање на Координативниот центар за културна соработка со седиште во Скопје (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, до јануари 2018 година, да заврши со постапката за формирање на организациона единица - одделение во рамките на Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО во Министерството за култура кое ќе ја координира културната соработка помеѓу НР Кина и земјите од Централна и од Источна Европа.

2. Се задолжува Министерството за култура потребните средства во износ од 9.500.000,00 денари да ги обезбеди по пат на прераспределба во рамките на својот буџет.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Оперативниот план за изменување и дополнување на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година.

## Точка 73

Владата ја донесе Програмата за капитални трансфери за невладини организации во областа на земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

## Точка 74

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за начинот на утврдување на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта (нов текст), во предложениот текст

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**